# FOREVER

MACEDONIA

Февруари 2015 | Број 160





## Forever Sun Lips™

стр. 2

## F.I.T.™ C9 F1 F2

Look Better. Feel Better.

стр. 6-7




## Смирувачки балсам за усни со алое за заштита од сонце и ветер.

- Фактор 30
- Хидратантно масло од јојоба и смирувачко алое вера
- UVA и UVB заштита
- Освежителна арома на ментол




Код: 462

# 2015 е тука!

2014-та беше фантастична година за Форевер, но помина толку брзо. Се надевам дека сите сте ги постигнале целите. Можеби се стремевте кон ново ниво, кон Менаџер „Орел“, Глобалното рели, или кон чек од програмата Chairman's Bonus. Или пак успеавте да поставите личен рекорд, или пак остваривте своја фитнес цел со одличната нова програма Forever F.I.T. Со задоволство ги разгледувам сликите и приказните во нашите Фејсбук страници. Толку многу од вас го менуваат животот на подобро. Живеете во поубави домови, возите поскапи коли и уживате во финансиска слобода. Одлично е да си дел од глобалниот феномен, наречен ФОРЕВЕР.



Исто така знам дека за некои 2014 год. беше тешка. Имаше толку многу конфликти во светот, инциденти и катастрофи, кои неизбежно го засегнаа животот на мнозина од нашите дистрибутери. Нема ден а да не сме свесни за предизвиците со кои се соочувате. Ако 2014-та не била таква, каква сте си ја замислувале, не губете надеж, не отстапувајте од курсот и продолжете да се борите за постигнување на целите. Не се предавајте! Знаете дека секогаш зад облаците грее сонце и сите искушенија се привремени. Форевер нема да ве изневери. Ние сме се посветиле на тоа да ја усовршуваме компанијата колку е можно повеќе и сакаме и вие да сте дел од успешното патување.

Еднаш слушнав некого да вели дека секоја историја има две верзии – твојата и точната! Ова ме инспирираше да ви ја раскажам следната анегдота. Простете ми ако веќе сте ја прочитале, но според мене е многу моќна за нас како мотиватори. Способноста да признаеме дека секој си има области кои треба да ги подобри и никој не е совршен, е клучна компонента во способноста да сочувствуваме и да инспирираме. Млад и успешен пар, исполнет со младешка суета, се населил во куќа во скап кварт. Сосетката им била постара вдовица. Секое утро таа ја перела облеката на рака и ја простирала надвор да се суши на сонце. И секое утро младата сопруга се жалела на мажот како спростренатa облека ѝ ја расипува глетката, прашувајќи се зошто во тој модерен свет некој воопшто продолжува да пере на рака. Дури започнала да кажува дека спростренатa облека згора на сѐ била и валкана.

„Мислам дека треба да ѝ покажам на сосетката како да пере. Одвратно е секое утро да гледам само валкани алишта!“ „Можеби не е лошо да си купи поубав детергент, или дури машина за перење!“ Сопругот само ја погледнал, без да каже ништо.

Еден ден младата жена се изненадила кога видела дека спростренатa облека на сосетката свети од чистота. „Види, најпосле се научила како да пере!“извикала. Сопругот дури тогаш одговорил „Всушност утрово станав рано и ги измив прозорците. Алиштата си беа чисти цело време, нечистотијата беше на стаклата!“

Така е и во животот. Во повеќето случаи прво треба да ги измиеме сопствените прозорци, пред да им судиме на другите!

Убеден сум дека ако се обидеме да ги видиме нештата и од гледната точка на човекот пред нас, ќе успееме да создаваме средина во која луѓето ќе сакаат да работат и така полесно и успешно ќе го градиме бизнисот.

Претворете ја 2015-та во восхитувачка година!

Засекогаш Ваш,
**Rex Maughan**

# Да мислиме на нашата иднина!



Светот се развива и технологиите станаа составен дел на нашето секојдневие. А новото носи и стремеж да живееме поставилно и да го сведеме на минимум досегашното безумно уништување на природните ресурси. Не еднаш сме ви раскажале за сериозниот ангажман на Форевер за зачувување на околината. Еден од чекорите во таа насока, многу одамна прифатен во САД и голем број други држави ширум светот, ќе го превземеме и ние во Македонија во месец мај. Станува збор за **месечните извештаи за бонуси, кои веќе ќе бидат достапни онлајн во PDF формат, а не на хартија како досега.** Да објасниме колку предности има тоа.

## Брзина

Досега планирањето на бизнисот ви беше тешко, бидејќи требаше да чекате до 18-ти или до 20-ти во месецот, за да го добиете извештајот за претходниот месец. **Онлајн извештајот ќе се појавува во вашиот личен профил во www.foreverliving.com најмалку 10 дена порано!** А доколку сте ни доставиле ваша точна email адреса, компјутерскиот систем на Форевер ќе ве известува дека извештајот е изготвен.

## Удобност

Онлајн извештаите за бонуси изгледаат исто како тие на хартија. Доколку имате потреба можете дома да ги отпечатите. Освен тоа, **вашиот веб профил во** www.foreverliving.com **ќе го сочува во рок од 18 месеци.**

## Сигурност

Често пати слушаме од вас дека не ги добивате еден или повеќе од пликовите со извештаи и месечно издание на весникот на Форевер. Сега **гарантирано ќе располагате со извештајот за бонуси и тоа многу побрзо!**

## Стабилност

Дали можете да си претставите колкаво количество хартија е потребно секој месец за да ги отпечатиме документите за сите вас. **Помислете само колку дрва можеме заедно да спасиме!**



И доколку сепак одлучите дека претпочитате извештаи на хартија, влезете во личниот профил во www.foreverliving.com и изберете *Персонален профил > Мои привилегии >Опции за извештаи за бонуси,* или поврзете се со канцеларијата на ФЛП. Доколку имате намера да се откажете од онлајн извештаите за бонуси, **силно**



**ви препорачуваме да почекате неколку месеци пред тоа да го направите, за да се уверите колку се поудобни и достапни.**

За да добивате онлајн бонусни извештаи, ќе треба да имате достап до личниот профил во меѓународниот сајт на ФЛП **www.foreverliving.com.**
Доколку до моментот не сте го посетувале и не си ја знаете лозинката, ве молиме да испратите имеил до нашата канцеларија, како би добиле времена лозинка.

# Однапред Ви благодариме за помошта!

# Фокусирајте сѐ на тоа што можете да го контролирате!



Здраво драги пријатели,

Годината започнува повеќе од одлично за Форевер Ливинг Продактс Бугарија и Македонија. Нагорниот тренд продолжува и јануари беше уште еден најдобар месец! Ви честитаме и се радуваме за сите кои стапнале цврсто на патот кон успехот и се фокусирале кон промена во животот со Форевер и неверојатната бизнис можност. Маркетинг планот на компанијата и растењето во него ви обезбедуваат сѐ поголем избор и слобода да го направите животот таков каков што сакате.

За жал патот кон високите нивоа и доходи за многумина завршува уште пред да започнал. Зошто? Ќе се обидеме да ви објасниме за да се заштитите не само себе, туку и дистрибутерите од своите групи од една грешка, допуштана од многу луѓе и која е основна причина тие да се откажуваат уште на самиот почеток, без да постигнат ништо. Која е таа? Можеби ќе ви звучи парадоксално, но станува збор за неверојатната желба на новите дистрибутери уште од првиот ден – по првата обука или првиот настан на компанијата, да се издигнат до ниво Менаџер во Маркетинг планот на Форевер или уште повисоко. Сама по себе таа желба е прекрасна, но не треба да го игнорираме фактот дека секојдневното фокусирање кон висока крајна цел често води до... страв. Да, правилно прочитавте – страв! И поточно, до страв од неуспех, кој расте со секој изминат ден, до страв дека целта е недостижна, дека дури и да е до силата на другите, вие не сте во состојба да ја остварите. Зошто е така? Зошто фокусирањето на нешто кое во моментот не може да биде контролирано, го прави уште понедостижно во нашите очи. Основниот проблем е што фокусирањето на крајната голема цел ви пречи да го посветите вниманието на малите и на прв поглед ситни нешта кои МОЖЕТЕ секојдневно да ги контролирате и кои со тек на времето ќе ве придвижат кон големата цел и ќе ви помогнат да ја постигнете.

Никој не може да стане Менаџер во Форевер ако секој ден само седи и мисли на тоа, но пропушта секојдневно да ги прави простите чекори за растење. Се согласувате дека секој може одвечер да го планира следниот ден? Тоа е нешто кое сами го контролирате и не зависи од друг. Секој може да направи список со имињата на познатите. Секој може да научи да договара средби со луѓето и да се јавува секој ден на двајца или тројца од списокот. Секој може да прави по еден, два или повеќе разговори со поканетите, за да го сподели ентузијазмот од производите на Форевер и од можностите за дополнителни доходи кои компанијата ги предлага. Секој може да ги употребува производите на компанијата секојдневно. Секој може да донесе одлука и да не пропушта ниту една презентација, обука или настан на својата група или на фирмата. Секој може да прочита барем по една книга за мрежен маркетинг во месецот. Секој може да одлучи да биде точен, дисциплиниран и да изгледа добро секој ден... Се надеваме дека разбирате што сакаме да кажеме. За да не станеме досадни, да резимираме.

Не се фокусирајте само на големата крајна цел, бидејќи тоа може да предизвика страв од неуспех. Насочете го вниманието на ситните нешта кои зависат од вас. Контролирајте ги и работете секој ден. Без да почувствувате, еден ден нештата кои на почетокот ви изгледале далечни и невозможни, ќе станат реалност сами од себе. Вие пак меѓувреме сте стекнале навики со чија помош ќе одите сѐ понагоре кон постигнувања на кои во моментот и не можете да си претставите дека сте способни. Контролирајте и делувајте!

Засекогаш ваши и... насмевнати ☺,

FOREVER

**Стефан и Тања Стаеви**





# F.I.T.™

C9 F1 F2

Look Better. Feel Better.



# СОВРЕМЕНА ПРОГРАМА

ЗА

ПРОЧИСТУВАЊЕ

ТОНИРАЊЕ

СЛАБЕЕЊЕ

ВО 3 ЛЕСНИ ЧЕКОРИ




## CLEAN 9

**КАКО ДА ИЗГЛЕДАТЕ И ДА СЕ ЧУВСТВУВАТЕ ПОДОБРО? ДА ГИ ПОСТАВИМЕ ОСНОВИТЕ.**

Тргнете по патот кон поздрав и поелегантен изглед со Clean 9. Деветдневната програма за прочистување е прв чекор кон создавање на постојани навики кои ќе ви помогнат суштински и трајно да ја контролирате тежината.

**Forever Clean 9 содржи:**
- Aloe Vera Gel (2 x 1 литар)
- Forever Lite Ultra (15 порции)
- Forever Garcinia Plus (54 капсули)
- Forever Therm (18 таблети)
- Forever Fiber (9 пакетчиња)
- Сантиметар
- Clean 9 прирачник




## FOREVER F.I.T. 1

**ИНСПИРИРАЈТЕ СЕ И НАПРАВЕТЕ ГО СЛЕДНИОТ ЧЕКОР**

Продолжете ја трансформацијата со Forever F.I.T. 1. 30-дневната програма ќе ви ги даде потребните познавања за да го промените мислењето за храната и спортот, да продолжите да слабеете и да го промените телото на подобро!

**Пакетот Forever F.I.T. 1 содржи:**
- Aloe Vera Gel (4 x 1 литар)
- Forever Lite Ultra (30 порции)
- Forever Therm (60 таблети)
- Forever Garcinia Plus (70 капсули)
- Forever Fiber (30 пакетчиња)
- PRO X2 протеински десерти (10 парчиња)
- F.I.T. 1 прирачник

## FOREVER F.I.T. 2

**ЗАТЕГНЕТЕ ГИ МУСКУЛИТЕ, ТОНИРАЈТЕ И ПРЕОБРАЗЕТЕ СЕ**

Завршете ја трансформацијата со Forever F.I.T.2. Третата фаза од програмата ќе ве научи како да градите и одржувате чиста мускулна маса, да се тонирате, затегнете и трајно да го преобразите телото.

**Пакетот Forever F.I.T. 2 содржи:**
- Aloe Vera Gel (4 x 1 литар)
- Forever Lite Ultra (30 порции)
- Forever Therm (60 таблети)
- Forever Garcinia Plus (70 капсули)
- Forever Fiber (30 пакетчиња)
- PRO X2 протеински десерти (10 парчиња)
- F.I.T. 2 прирачник




**Ова не е диета, туку решение!**



**МОЖЕТЕ** да ослабете.

**МОЖЕТЕ** да изгледате и да се чувствувате подобро.

**МОЖЕТЕ** да постигнете позитивна и трајна промена.

Независно дали сте професионален спортист и сакате да ја дополните исхраната и тренинг режимот, или едноставно сакате да бидете во форма, Форевер ќе ви го обезбеди потребното.

**Патот кон поздрав живот не е лесен, но така е и со речиси сè што навистина вреди. Со Forever F.I.T. можете да ги земете работите во свои раце уште денес и трајно да го преобразите телото!**

**Каква и да е вашата цел, МОЖЕТЕ да ја постигнете!**

**Слабеење**/ Ослободете се од вишокот килограми и влезете во форма.

**Тонирање**/ Затегнете ги мускулите, оцртајте релјеф, извајајте го телото и исполнете сè со енергија.

Не ви треба уште една модерна диета, која брзо ја губи популарноста. Потребна ви е едноставна и лесна програма за спроведување, поддржана од современа исхрана и докажани резултати. Таа треба да е ефикасна и да ве учи на сè што е потребно за да си поставите реални цели и да го промените начинот на живот, така што наскоро ќе изгледате и ќе се чувствувате подобро.

# FOREVER F.I.T.

## Forever F.I.T. е современа програма за исхрана, прочистување и слабеење во три лесни чекори.

**Променете ги трајно навиките за исхрана и започнете редовно да спортувате, за да откриете колку повитални и силни можете да се чувствувате!**

Секој пакет ги содржи потребните производи за завршување на соодветната фаза, придружени со инструкции, информации, идеи за рецепти и совети за тренинзи.




## ЕКСКЛУЗИВНИ ПРОИЗВОДИ, ОПТИМАЛНИ РЕЗУЛТАТИ.



### Aloe Vera Gel

Богат извор на хранливи материи кој идеално ја дополнува балансираната исхрана и фитнес режимот. Содржи над 75 различни нутриенти.



### Forever Garcinia Plus

Добро познат додаток на исхраната за контрола на тежината со хидрокси лимонска киселина, ја поддржува размената на материи, го контролира апетитот и создава чувство на ситост.

### Forever Therm

Специјална термогена комбинација од билки и витамини како B6, B12 и C за стимулирање на метаболизмот и зголемување на енергијата.



### Forever PRO X2

Вкусни десерти со специјална комбинација од протеини од сурутка и соја. Секој содржи по 15 г протеини. Со вкус на чоколада или цимет.





### Forever Fiber

Влакната се витални за здравата и балансирана исхрана. Овој додаток нѝ обезбедува патентирана мешавина од 5 г влакна кои лесно се раствораат во секој пијалак, за да се чувствувате сити подолго време.

### Прирачници

Секој чекор од програмата Forever F.I.T. е придружен со прирачник со детални инструкции што да правите секој ден за да добиете оптимални резултати. Барате здрави рецепти, или пак не знаете какви вежби да правите? Отворете го прирачникот за насоки и совети.




### Forever Lite Ultra

Со вкус на ванила или чоколада, овој балансиран шејк е важен извор на соини протеини плус ензими за оптимална апсорпција.



# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА ЈАНУАРИ 2015 ГОДИНА

## СУПЕРВИЗОРИ

1. Димитрова Цонка – Штип
2. Симоновска Љупка – Куманово

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ

1. Ацеска Гордана - Прилеп
2. Бојаџиеви Михајло и Маја - Скопје
3. Ганди Билјана - Гевгелија
4. Гркова Стојанова Роска - Штип
5. Диневи Цвета и Драган - Скопје
6. Ивановска Силвана - Скопје
7. Јанева Валерија - Свети Николе
8. Карагонова Милева - Гевгелија
9. Мицевски Александар - Битола
10. Ризова Даниела - Скопје
11. Стојанова Соња - Штип
12. Цункоска Агапи – Крушево

## ТОП 10

### ВКУПЕН ОБЕМ

1. Др.Роза Гелевска
2. Слафко Михајловски
3. Блага Крстеска
4. Др.Снежана Контра
5. Славица Донакова
6. Вера Златковска
7. Катерина Трајчевска
8. Дончо Ѓорѓиев
9. Љупка Симоновска
10. Младен Димовски

### НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ

1. Др.Роза Гелевска
2. Вера Златковска
3. Славица Донакова
4. Слафко Михајловски
5. Дончо Ѓорѓиев
6. Стевица Димовска
7. Младен Димовски
8. Жарко Георгиевски
9. Др.Снежана Контра
10. Цонка Димитрова

## Претставување на Форевер Ливинг

**23.02.2015 – почеток 19 часот**

Хотел Оаза, Штип

**28.02.2015 – Хотел Порта, Скопје**

| | |
|---|---|
| Претставување на можностите | 17.00-18.00 |
| Обука Брз старт | 18.15-19.15 |
| Презентација на производи | 19.30-20.30 |

## ПРОМОЦИЈА ЗА ФЕВРУАРИ

По **1 Forever Daily и 1 FAB** гратис еднократно добиваат:

- **сите Дистрибутери и Ас.Супервизори** кои ќе имаат порачки во вредност од најмалку 1 бод на својот личен код
- **сите Супервизори, Ас.Менаџери и Менаџери** кои ќе имаат порачки во вредност од најмалку 2 бода на личен код







## ПРОМОЦИЈА ЗА ФЕВРУАРИ




**Следете нè на facebook Flp Macedonia за да бидете во тек со актуелните промоции и настани.**

**FOREVER LIVING PRODUCTS - MAKEDONIJA**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; e-mail:flp@t-home.mk

Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.

## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**

Едноставно јавете се на телефон 02/ 2465846 и кажете го вашиот дистрибутерски број и производите кои ги порачувате. Следниот ден ја добивате порачката на домашна адреса. Порачката ја плаќате во готово на доставувачот.